Република Северна Македонија

**Министерство за дигитална трансформација**

Архивски број: 14-585/1
Датум: 24.03.2025

**До:** Генерален секретаријат на Влада на Република Северна Македонија

- Сектор за стратегија, планирање и следење

**Архивски број:**
**Датум:**
**Предмет: Извештај за спроведување на Годишниот план за работа за 2024 година**

Почитувани,

Министерството за дигитална трансформација е орган на државна управа, кој со својата надлежност ги врши работите кои се однесуваат на дигитализација, развој и промоција на информатичкото општество, комуникациите и сајбер безбедноста. Со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24) Министерството за информатичко општество и администрација продолжува да работи како Министерство за дигитална трансформација и како Министерство за јавна администрација, со надлежности утврдени со овој закон, како правни наследници на ова министерство.

По обврската од Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишна програма за работа на Владата на Република Северна Македонија и Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државна управа во процесот на следење, оценување и известување за спроведувањето на стратешкиот план и годишниот план за работа, Министерството за дигитална трансформација подготви и реализира Годишен план за работа за 2024 година. Покрај активностите од Стратешкиот план за 2024 – 2026 година, министерството ги реализира и иницијативите предвидени во Програмата за работа на Влада на Република Северна Македонија за 2024 година, управуваше со човечките ресурси во министерството и ги реализира јавните набавки од Годишниот план за јавни набавки за 2024 година.


Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија
Ул. „Филип Втори Македонски“ бр.11, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

Министерството за дигитална трансформација, во 2024 година ги реализира следниве програми и потпрограми:

ПРОГРАМИ

**Програма 2: Информатичко општество и аудиовизуелни политики**

**Потпрограми:**

**Потпрограми 1 :Е-инфраструктура и поддршка**

**Потпрограма 2: Е-услуги, е-граѓани и една точка на услуги (ЕТУ)**

**Потпрограма 3: Отворени податоци**



Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

| | |
|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:** | • Професионална и ефикасна јавна администрација, поддржана со интензивна дигитализација, оптимална структура и иновативни процеси и техники |
| **Поврзаност со приоритетите и целите на органот на државната управа:** | ➢ **Приоритет бр.1** Дигитална поврзливост и ИКТ инфраструктура (обезбедување гига битно поврзување и пристап до интернет за граѓаните и јавните институции, развој на Владина ИКТ инфраструктура и развој на Националната образовна ИКТ инфраструктура)<br>Овој приоритет се остварува преку следниве цели:<br>• Обезбедување гига битно поврзување и пристап до интернет за граѓаните и јавните институции,<br>• Развој на Владина ИКТ инфраструктура,<br>• Развој на Националната образовна ИКТ инфраструктура)<br>• Развој на овозможувачи за дигитална трансформација<br><br>➢ **Приоритет бр.2** Соработка и воспоставување заеднички стандарди за сајбер-безбедност<br>Овој приоритет се остварува преку следниве цели:<br>• Јаки национални капацитети за сајбер безбедност |



Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

| | | |
|---|---|---|
| | • Безбедност и отпорност на суштински и важни субјекти, мрежни, информациски и комуникациски системи<br>• Општество отпорно на сајбер закани<br>• Минимизирање на влијанието на инцидентите во сајбер просторот<br>• Национална и меѓународна соработка<br>➢ **Приоритет бр.3** Изградба и развој на електронска комуникациска инфраструктура и услуги | |
| **Назив на програмата**<br><br>2. Информатичко општество | **Цел на програмата/потпрограмата:**<br><br>Развивање и подобрување на условите за пристап до информатичко-комуникациските технологии (ИКТ) за брза, лесна и ефикасна употреба на ИКТ во секојдневниот живот на граѓаните и бизнис заедницата. Унапредување на информатичкото општество во Република Северна Македонија и одржување на лидерската позиција на просторот на Република Северна Македонија. Поставување и одржување на квалитетни софтверски решенија и инфраструктура во согласност со потребите на институциите, обучени и добро информирани граѓани за ИКТ. | **Одговорен:**<br>Сектор за информациско комуникациски системи, Сектор за сајбер безбедност |


Министерство за дигитална трансформација на Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

| Назив на потпрограмата: 2.1 Е-инфраструктура и поддршка | | Цел на програмата: Обезбедување функционална и безбедна Е-инфраструктура и дигитални услуги | Одговорен: Сектор за информациско комуникациски системи, Сектор за сајбер безбедност |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Одржување на втората сервисна магистрала од платформата за Интероперабилност | Тековно одржување на системите | Потпишан е тригодишен договор за одржување, во периодот од 23.03.2022 до 22.03.2025 | Активноста е успешно реализирана. Во 2025 ќе продолжи оваа активност со ново редовно одржување на платформата. |
| Одржување и надградба на владина ИТ (оптичка) мрежа | Тековно одржување на годишно ниво, со што ќе се обезбеди достапност, доверливост и непрекинатата | Активноста тековно се реализира со Договор за јавна набавка. | Доколку нема одржување, ќе предизвика прекин во комуникацијата помеѓу ИКТ системите |



Министерство за дигитална трансформација на Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје Република Северна Македонија

+389 2 320 0999 www.mdt.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| | комуникација помеѓу ИКТ системите на институциите. | | на институциите т.е. прекин на електронските услуги кои се нудат на граѓаните. |
| Одржување на порталот е-услуги | Тековно одржување на системите | Активноста тековно и непречено се реализира со договор за одржување и истиот е продолжен со анекс до април 2025 година. Националниот портал за електронски услуги има регистрирано 154.166 корисници, а заклучно со 31.12.2024 година преку порталот реализирани се повеќе од 100.000 апликации за услуги. Направен е редизајн на националниот портал е-услуги. Активноста успешно се реализира. | Како тековна активност продолжува и во 2025 година. |
| Дигитализација на услуги на институциите за порталот е-услуги | Број на нови дигитализирани услуги на порталот за електронски услуги | Во текот на 2024 година се објавени повеќе од 80 нови електронски услуги. Континуирано ќе се работи на дигитализација на нови услуги и во наредниот период, всушност главна активност во договорот за одржување на порталот за електронски услуги е развивањето на нови услуги во координација со институциите кои ги овозможуваат тие услуги | Активноста се реализира успешно и континуирано |
| Изнајмување на облак платформа за хостирање на системите на МИОА | Тековно одржување на системите | Активноста тековно и непречено се реализира во согласност со договорот. | Како тековна активност продолжува и во 2025 година. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Колокација на информатичка опрема | | Активноста тековно и непречено се реализира во согласност со договорот и истата има активен договор до 2026 година. | Како тековна активност продолжува и во 2025 година. |
| Одржување на ИСУЧР | | | Оваа активност е во надлежност на Министерство за јавна администрација |
| Набавка за хардвер за Регистар на население | | | Оваа активност е во надлежност на Министерство за јавна администрација |
| Одржување на Централен регистар на население | Тековно одржување на системот | Активноста тековно и непречено се реализира во согласност со договорот. | Договорот е со важност до 05.04.2025 год. |
| Одржување на системот за Интегрирано управување на ресурсите (ERP) | Тековно одржување на системот | Во текот на 2024 година имаше продолжение на договорот со потпишување на два анекси на Договорот, со што се овозможи континуитет во одржувањето на ЕРП системот. | |
| Одржување на ЕНАПСИС | Тековно одржување на системот | Во месец септември 2024 год објавена е јавна набавка за тековно одржување на системот. Одржувањето непречено се реализира во согласност со договорот. | Договорот е со важност до 29.10.2025 год |
| Одржување на ЛМС | | | Оваа активност е во надлежност на |



Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Министерство за јавна администрација |
| Продолжување на поддршка на лиценците кои се користат за ИКТ проектите | Има тековен договор кој истекува во 2026 година | Обезбедени се сет на лиценци кои се предвидени за поддршка на системите во МДТ (Интероп, услуги и ЦРН) како и за одредени институции за кои што Министерството за дигитална трансформација е задолжено да ги обезбеди. | Пред потпишување на нов договор да се ревидира потребата од обезбедување на лиценци за другите институции кои се вклучени во оваа набавка. |
| Обнова на постојните лиценци за интегриран систем за заштита од неовластени мрежи | Тековно одржување на годишно ниво, со што ќе се обезбеди достапност, доверливост и интегритет на ИКТ системите | Активноста тековно се реализира со Договор за јавна набавка. | Доколку не се набават нови лиценци по истекот, се загрозува безбедноста на информатичките системи и целиот ИТ систем ќе стане мета на напад од надворешни корисници. Евентуален напад ќе значи губење на податоци, пресретнување на е- |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | mail комуникација, инфекција на сервери и компјутери со злонамерен софтвер итн. |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| Опрема за Дигитална агенција | Со измената на ЗОРОДУ формирано е Министерство за дигитална трансформација, со што формирање на посебна Агенција не е потребно. | | |
| Одржување на ИТ опрема во МИОА | | | |
| Приклучување на институции во ДМС системот | | | |
| Купување на опрема и машини за МАРНЕТ | | | |
| Одржување на хардвер и софтвер (ИПА 2013 проект) | | | |

| Назив на Потпрограмата: | | Цел на програмата: | Одговорен: |
|---|---|---|---|
| 2.2 Е -услуги, е- граѓани и Една точка за услуги | | Развивање и подобрување на условите за пристап до информациско – комуникациските технологии за брза, лесна и ефикасна употреба на ИКТ во секојдневниот живот на граѓаните и бизнис заедницата. Унапредување на информатичкото општество во Република Северна Македонија и одржувањето на лидерската позиција на просторот на Република Северна Македонија. Поставување и одржување на квалитетни софтверски решенија и инфраструктура во согласност со потребите на институциите, обучени и добро информирани граѓани на Република Северна Македонија за ИКТ. | Сектор за поддршка и развој на информатичко општество, Сектор за информациско комуникациски системи |
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Одржување, лиценци и гаранции на Опрема во ЕТУ Центрите | Тековно одржување на лиценците и гаранциите на опрема во ЕТУ Центрите | | |



Министерство за дигитална трансформација на Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје Република Северна Македонија

+389 2 320 0999 www.mdt.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| Доверливи услуги | Портал за доверливи услуги и шеми за електронска идентификација trusteid.mdt.gov.mk | На trusteid.mdt.gov.mk се реализира активноста во однос на доверливите услуги и EIDAS регулативата, а во меѓувреме сме и во процес на ажурирање на листата за меѓусебно признавање на сертификатите со Србија и Црна Гора. | Потребно е ажурирање на информациите на порталот, а на тоа веќе се работи. |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| Надградба, проширување за интегрираната платформа „ Земи Бројче„ , „Семафор„ , Резервирај термин - Мој ред„ и „ Евиденција на работното време на шалтерските службеници„ | Активноста не е реализирана во 2024 година од причина што Договорот истекол на 30.03.2024 година и истиот не е обновен. | | |
| Одржување на редослед на клиенти | Активноста не е реализирана од причина што не била предвидена во Годишниот план за јавни набавки за 2024 | | |


Министерство за дигитална трансформација на Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| | година на министерството | | |
| Опрема за редослед на клиенти | Активноста не е реализирана од причина што не била предвидена во Годишниот план за јавни набавки за 2024 година на министерството | | |
| Набавка на потрошни материјали за ЕТУ (Останати канцелариски материјали) | Активноста не е реализирана од причина што не била предвидена во Годишниот план за јавни набавки за 2024 година на министерството | | |
| Реконструкција на ЕТУ центри - Пошти | Активноста не е реализирана од причина што не била предвидена во Годишниот план за јавни набавки за 2024 | | |



Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| | година на министерството | | |
| **Назив на Потпрограмата:**<br><br>2.3. Отворени податоци | | **Цел на програмата:**<br><br>Развивање и подобрување на условите за пристап до информациско – комуникациските технологии за брза, лесна и ефикасна употреба на ИКТ во секојдневниот живот на граѓаните и бизнис-заедницата. Унапредување на информатичкото општество во Република Северна Македонија и одржувањето на лидерската позиција на просторот на Република Северна Македонија. Поставување и одржување на квалитетни софтверски решенија и инфраструктура во согласност со потребите на институциите, обучени и добро информирани граѓани за ИКТ. | **Одговорен:**<br><br>Сектор за информациско комуникациски системи |
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Одржување на портал Отворени податоци | На порталот за отворени податоци се достапни 670 | Активноста тековно и непречено се реализира | Во моментов има тендерска постапка за избор на компанија |


Министерство за дигитална трансформација на Република Северна Македонија
Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| | податочни сетови од 76 институции | | која ќе го одржува порталот со што ќе се продолжи со активната поддршка за сите институции кои го користат порталот и кои во иднина ќе го користат |
| ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ | | | |
| **Активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

Во однос на иницијативите од Програмата за работа на Влада на Република Северна Македонија за 2024 година, од предложените иницијативи кои се во делокругот на работата Министерството за дигитална трансформација ги реализираше следниве:

## 1. Иницијативи од Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година

| Иницијатива | Организациски облик/лице | Реализација месец, година | Образложение / Ризик |
|---|---|---|---|
| 1.Предлог - Закон за безбедност на мрежни и информациски системи и дигитална трансформација | Сектор за сајбер безбедност | | Предлог - Законот е објавен на ЕНЕР на 18.12.2024 година, истиот е предвиден во |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Годишната програма за работа на Владата за 2025 година, а согласно Реформската агенда започнување со владина процедура се очекува во април 2025 година |
| 2.Предлог – Закон за електронски комуникации | Сектор за комуникации | | Предлог - Законот е објавен на ЕНЕР на 18.01.2024, истиот е предвиден во Годишната програма за работа на Владата за 2025 година, а согласно Реформската агенда започнување со владина процедура се очекува во април 2025 година. |
| 3.Информација за вклучување на институции на интегрираната платформа за организација на шалтерското работење: „ Земи Бројче„ , „Семафор„ , Резервирај термин -Мој | Сектор за поддршка и развој на информатичко општество | / | Активноста не е реализирана во 2024 година од причина што Договорот истекол на |


Министерство за дигитална трансформација на Република Северна Македонија
Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 320 0999 www.mdt.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| ред„ и „ Евиденција на присуство, работното време и смени Активен шалтер„ | | | 30.03.2024 година и истиот не е обновен |
| 4.Информација за зголемување на бројот на ЕТУ Точките ( центри, Канцеларии, Шалтери ) | Сектор за поддршка и развој на информатичко општество | 2024 | Во текот на 2024 година отворени се дополнително два нови Центри во општина Аеродром и општина Јегуновце. |
| 5.Информација за потребата од унапредување на Прокси Модулот кој е компонента од националниот портал за услуги ( Едношалтерски модул за услуги) | Сектор за јавни набавки | / | |

## 2. Управување со човечките ресурси во 2024 година

Во врска со управувањето со човечките ресурси во министерството, Активностите предвидени во рамките на Годишниот план за вработување за 2024 година не беа реализирани поради изборниот процес, изборот на нова Влада на Република Северна Македонија, консолидација на буџетот на Република Северна Македонија и негативната финансиска согласност добиена од Министерството за финансии.

Иако беа преземени сите неопходни административни чекори за започнување на постапките, ограничувањата поврзани со финансиското планирање и одобрувањето на средства од страна на Министерството за финансии ја оневозможија реализацијата на планираните активности во предвидените временски рокови.


Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

| Постапки за вработување и унапредување на државни службеници | | | |
|---|---|---|---|
| Показател за успешност: Реализирање на вработувањата, унапредувањата и пензионирањето предвидени во Годишниот план за вработување за 2024 година | | | |
| **Активност** | **Организациски облик/лице** | **Реализирани** | **Ризик/состојба** |
| Пополнување на работни места преку вработувања | Одделение за управување со човечки ресурси | / | |
| Пополнување на работни места преку унапредувања | Одделение за управување со човечки ресурси | / | |
| Пензионирања | Одделение за управување со човечки ресурси | Во 2024 година не се планирани и реализирани пензионирања. | / |

## 3. Мерки и активности кои произлегуваат од работата на органот на државната управа

| Јавни набавки во министерство за информатичко општество и администрација во 2024 година | | | |
|---|---|---|---|
| Показател за успешност: Спроведени и реализирани јавни набавки во Министерство за информатичко општество и администрација ( Министерство за дигитална трансформација како правен следбеник ) | | | |
| **Активност** | **Организациски облик/лице** | **Реализација** | **Ризик/состојба** |
| I. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки | | | |


Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. Купување на опрема и машини (Агенција за дигитализација) | Сектор за јавни набавки | Постапката не е реализирана, бидејќи со формирање на Министерство надлежно за дигитална трансформација, не постои потреба од формирање на Агенција | |
| 2. Набавка на опрема за поврзување во ГЕАНТ мрежата (Марнет) | Сектор за јавни набавки | Постапката не е реализирана | |
| 3. Набавка на тонери | Сектор за јавни набавки | Постапката не е реализирана | |
| 4. Набавка на клима уреди | Сектор за јавни набавки | Договор склучен на 31.10.2024 во времетраење од 12 месеци | |
| 5. Гуми за моторни возила | Сектор за јавни набавки | Постапката не е реализирана | |
| 6. Горива за моторни возила | Сектор за јавни набавки | Договор склучен на 24.10.2024 во времетраење од 12 месеци | |
| 7. Вода за пиење | Сектор за јавни набавки | Реализирана постапка преку Е - пазар | |
| 8. Изнајмување на мултифункциски уреди | Сектор за јавни набавки | Договор склучен на 31.07.2024 во времетраење од 12 месеци | |
| 9. Набавка на лиценци за интегриран систем за заштита од неовластени | Сектор за јавни набавки | Договор склучен на 06.11.2024 во времетраење од 12 месеци | |


Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| мрежни упади, вируси и останати малициозни програми | | | |
| 10. Купување на опрема - ИТ опрема | Сектор за јавни набавки | Договор склучен на 09.10.2024 во времетраење од 12 месеци | / |
| II Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги | | | |
| 1. Закупување на услугата за временски жиг од давател на квалификувани сертификати | Сектор за јавни набавки | Договор склучен на 23.11.2024 во времетраење од 12 месеци | / |
| 2. Одржување на портал отворени податоци | Сектор за јавни набавки | Поништена постапка | / |
| 3. Набавка за одржување на информационен систем за управување со човечки ресурси | Сектор за јавни набавки | Договор склучен на 18.03.2024 во времетраење од 12 месеци | / |
| 4. Перење на моторни возила | Сектор за јавни набавки | Договор склучен на 04,09.2024 во времетраење од 12 месеци | / |
| 5. Одржување на клима уреди | Сектор за јавни набавки | Договор склучен на 24.10.2024 во времетраење од 12 месеци | / |
| 6. Одржување на системот за управување со документи (ДМС) | Сектор за јавни набавки | Поништена постапка | / |


Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7. Осигурување на моторни возила и осигурување на лица | Сектор за јавни набавки | Постапката не е реализирана | / |
| 8. Физибилити студија за техничка спецификација (TOR) за имплементација на систем за дигитален индекс на економија и општество (DESI) во Северна Македонија | Сектор за јавни набавки | Поништена постапка | / |
| 9. Снабдување со електрична енергија на отворениот пазар | Сектор за јавни набавки | Постапката не е реализирана | / |
| 10. Симетричен Интернет пристап за потребите на МИОА | Сектор за јавни набавки | Договор склучен на 01.11.2024 во времетраење од 12 месеци | / |
| 11. Одржување на порталот ovp.gov.mk | Сектор за јавни набавки | Договор склучен на 05,06.2024 во времетраење од 12 месеци | / |
| 12. Превентивно и адаптивно одржување на системот ЕНЕР | Сектор за јавни набавки | Договор склучен на 16.08.2024 во времетраење од 12 месеци | / |
| 13. Дигитализација на услуги на институциите за портал е-услуги | Сектор за јавни набавки | Постапката не е реализирана | / |


Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| 14. Набавка на доверливи услуги | Сектор за јавни набавки | Постапката не е реализирана | / |
| 15. Одржување на Владината оптичка мрежа | Сектор за јавни набавки | Постапката не е реализирана | / |
| 16. Одржување на системот за плаќање на таксени марки преку СМС ( eNAPSYS) | Сектор за јавни набавки | Договор склучен на 29.10.2024 во времетраење од 12 месеци | / |
| 17. Методологија за индекс на оценка на квалитет на институциите | Сектор за јавни набавки | Постапката не е реализирана | / |
| 18. Одржување на LMS (Системот за управување со учењето) | Сектор за јавни набавки | Поништена постапка | / |
| 19. Одржување и поправка на опрема набавена во рамки на ИПА | Сектор за јавни набавки | Постапката не е реализирана | / |
| 20. Интернет и мрежни услуги конекција за потребите на центрите „Една Точка за Услуги„ | Сектор за јавни набавки | Договор склучен на 27.03.2024 во времетраење од 12 месеци | / |
| 21. Надградба, проширување и одржување на интегрираната | Сектор за јавни набавки | Постапката не е реализирана | / |


Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| платформа за Редослед на клиенти, Резервирај термин за услуга, Оцени го шалтерскиот службеник и Евиденција на работното време | | | |
| 22. Одржување, гаранции на опрема и ИТ уреди во ЕТУ центрите | Сектор за јавни набавки | Постапката не е реализирана | |
| 23. Приклучување на институции во ДМС системот | Сектор за јавни набавки | Постапката не е реализирана | / |
| 24. Одржување на информатички систем на МИОА | Сектор за јавни набавки | Постапката не е реализирана | / |
| 25. Набавка за одржување на информационен систем за управување со човечки ресурси | Сектор за јавни набавки | Договор склучен на 18.03.2024 во времетраење од 12 месеци | / |
| 26. Сервис и одржување на моторни возила | Сектор за јавни набавки | Поништена постапка | / |
| III. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки | | | |
| 1.Градежно занаетчиски работи за санација на плафон во ЕТУ Скопје | Сектор за јавни набавки | Договор склучен на 20.05.2024 во времетраење од 2 месеци | / |



Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

## 4. Мерки и активности кои не биле предвидени со Годишниот План за работа на 2024 година, а се спроведени

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа во јуни 2024 година (Службен весник бр.121/24), Министерство за дигитална трансформација е надлежно за спроведување на активностите поврзани со аудиовизуелните политики, радиодифузијата и радиодифузната инфраструктура.

Во Годишниот план за работа на Министерството за информатичко општество и администрација за 2024 година, не се наведени активности од областа на аудиовизуелните политики кои се во надлежност на Секторот за комуникации, односно Одделението за аудиовизуелни политики во Министерството за дигитална трансформација. И покрај тоа, во текот на 2024 година, имаше измени и дополнувања на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за медиуми.

Измените на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со кои се уредуваат државните кампањи се усвоени од македонското собрание на 22 февруари 2024 година. Со дополнувањето на законот се воведува транспарентен, демократски и недискриминаторски начин за спроведување на државни кампањи кои ќе бидат од едукативно-информативен карактер за прашањата кои се опфатени и актуелни за одредени населени места или државата. Во текот на една година може да спроведе најмалку една државна кампања на државно ниво, без теми поврзани со политички и дипломатски активности, теми кои ги промовираат услугите или политиките на органите на државната или локалната власт, ниту теми поврзани со партиски активности.

Со измените на Законот за медиуми во март 2024 година, се овозможи финансиска поддршка за печатење и дистрибуција на печатени медиуми. Право на учество на јавниот повик имаат дневни, неделни, месечни и локални печатени медиуми. Постапката е целосно транспарентна, со јасно утврдени критериуми и услови за избор. Владата и досега ги поддржуваше


Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

печатените медиуми преку донесување Програма за поддршка за печатење и дистрибуција на печатените медиуми, но, ова прашање сега се уредува преку системско решение, како дел од Законот за медиуми.

Исто така, Министерството за дигитална трансформација во соработка со голем дел од засегнатите страни во медиумскиот сектор, преку дискусии, сугестии и размена на ставови, подготви предлог закон за изменување и дополнување на Законот за медиуми во насока на регулирање на онлајн медиумите. Во ноември 2024 година, предлог измените на законот беа поставени на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР). Во законски предвидените 20 дена голем дел од заинтересираните дадоа свои забелешки и предлози. Моментално, измените на Законот за медиуми се во владина процедура.

Инаку, како мерки и активности предвидени во Патоказот за владеење на правото се ревидирањето на правната рамка преку регулирање на онлајн медиумите, како и воспоставување на Регистар на онлајн медиуми кој треба да придонесе за зголемување на професионалноста и стандардите на онлајн новинарството во земјата.

Со измените на Законот за медиуми се очекува елиминирање на постојните проблеми со интернет порталите во Македонија, преку поставување на правна рамка која ги препознава како медиуми, односно јасни правила за нивно основање и регистрација. Исто така, ќе се обезбеди зајакнување на слободата на говорот, како и поголема кредибилност кај аудиториумот во однос на медиумите кои се регистрирале како такви. Сето ова ќе помогне во елиминирање или намалување на протокот на дезинформации и лажни вести во онлајн медиумите.

## 5. Осврт на околности и ризици кои настанале во текот на годината

Во текот на 2024 година Министерството за информатичко општество и администрација, односно Министерството за дигитална трансформација како негов правен следбеник се посвети на реализација на сите активности од програмата и потпрограмите предвидени во Годишниот план за 2024 година, Иницијативите од Годишната програма за работа на ВРСМ за 2024 година, јавните набавки за 2024 година и Годишниот план за вработување за 2024 година. Реализацијата на дел од


Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

активностите е директно поврзана со реализација на јавна набавка. Дел од јавните набавки не се реализира и се поништија, затоа и некои активности останаа нереализирани. Активностите предвидени во рамките на Годишниот план за вработување за 2024 година не беа реализирани поради изборниот процес, изборот на нова Влада на Република Северна Македонија, консолидација на буџетот на Република Северна Македонија и негативната финансиска согласност добиена од Министерството за финансии. Попречување во реализацијата на Иницијативите за 2024 година предизвика и нереализирањето на јавните набавки, изборниот процес и Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа во јуни 2024 година (Службен весник бр.121/24).

Со почит,

Министер за дигитална трансформација

Стефан Андоновски

Изработила:Тина Тутевска Трајковска
Согласен:ДС Гордана Клинчарова



Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk